Ние, потписниците на оваа декларација – верски лидери и претставници на признатите верски заедници во Република Северна Македонија, собрани во духот на заемна почит, водени од чувството на заедничка одговорност и свесни за нашата улога во зачувувањето на општествениот мир, согласни сме со оваа

# ДЕКЛАРАЦИЈА НА ВЕРСКИТЕ ЛИДЕРИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ПРОТИВ НАСИЛЕН ЕКСТРЕМИЗАМ

како израз на заедничка определба за градење достоинствен соживот и отпорност кон насилниот екстремизам.

## СВЕСНИ

дека Република Северна Македонија е заеднички дом на различни народи, култури и верувања;
дека соживотот меѓу нив е вредност што треба постојано да се негува и штити;
дека суштината на верата е во повикот кон милосрдие, правда и мир; и
дека секоја нејзина злоупотреба за насилни цели претставува изопачување на светото.

## СООЧЕНИ

со злоупотребата на верата како изговор за поделби и насилство;
со сè почестите форми на говор на омраза и процеси на радикализација што водат кон насилство и насилен екстремизам;
со дезинформации, идеолошки наративи и пропаганда – што ја искривуваат суштината на верата, поттикнуваат недоверба, ја нарушуваат хармонијата меѓу заедниците и создаваат подлога за насилен екстремизам.

## ПРОСВЕТЛЕНИ

од суштинските пораки на нашите свети книги и верските учења, кои нè повикуваат да бидеме посветени на доброто, достоинството и меѓусебното почитување;
и уверени дека универзалните вредности втемелени во човековите права и меѓународното право – вклучително и Универзалната декларација за човекови права (1948) и поврзаните меѓународни конвенции – се во согласност со духот на нашите верски убедувања;

**ОДЛУЧНО** изјавуваме дека:

1. Го осудуваме насилниот екстремизам и сите облици на насилство, без оглед на нивниот извор, облик или мотив. Верата е повик на мир, а не на омраза; на дијалог, а не на осуда.

2. Ги повикуваме верниците од нашите заедници и сите наши сограѓани да ги негуваат вредностите на меѓусебно почитување, дијалог и разбирање, кои се темел за заедничкиот живот и на градењето општество отпорно на омраза, поделби и насилен екстремизам.

3. Се обврзуваме да придонесуваме за зајакнување на отпорноста на заедниците – особено кај младите и ранливите групи – преку пренесување и зацврстување на духовните и моралните вредности што произлегуваат од нашите свети учења и се спротивставуваат на насилство, омраза и искривување на верата.

4. Ќе соработуваме со сите општествени чинители – институции, граѓански организации, образовни установи и медиуми – во напорите за превенирање и спречување насилен екстремизам (П/СНЕ).

5. Ќе работиме против секоја злоупотреба на верата за политички, идеолошки или насилни цели кои се спротивни на нејзината суштина и длабоко ја нарушуваат меѓусебната доверба, мирот и кохезијата во нашето општество.

Со оваа декларација ја потврдуваме нашата заложба за општество засновано на достоинство, дијалог и меѓусебна почит, и ја изразуваме подготвеноста за понатамошна меѓуверска соработка во градењето на општество отпорно на омраза, поделби и влијанија што го нарушуваат соживотот – за сите граѓани, во заедничка борба против насилниот екстремизам.

ПОТПИСНИЦИ:

1. **Неговото Блаженство г.г. Стефан**
Архиепископ на Македонска православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ – ОА)
Македонска православна црква – Охридска архиепископија (МПЦ – ОА)

2. **Шаќир еф. Фетаху**
Реис-ул-улема на Исламска верска заедница (ИВЗ) во Република Северна Македонија
Исламска верска заедница (ИВЗ) на Република Северна Македонија

3. **Монсињор д-р Киро Стојанов**
Бискуп скопски и скопско-струмички епарх
Католичка црква во Република Северна Македонија

4. **Пепо Леви**
Претседател на Еврејска заедница во Република Северна Македонија
Еврејска заедница во Република Северна Македонија

5. **Марјан Димов**
Суперинтендент на Евангелско-методистичка црква во Република Северна Македонија
Евангелско-методистичка црква (ЕМЦ) во Република Северна Македонија

6. **Оливера Трајковска**
Директор на Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ)
Комисија за односи со верските заедници и религиозни групи (КОВЗРГ)

7. **Александар Кржаловски**
Извршен директор на Македонскиот центар за меѓународна соработка
Македонски центар за меѓународна соработка